ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 17.01.2013

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА




**Фондот за здравствено осигурување на Македонија** сака да информира дека како институција, целосно ја поддржува Програмата на Владата на Република Македонија за обезбедување на средства за болничко лекување без наплата на учество – партиципација за пензинери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година**.** За месец декември просечната пензија изнесувала 10,870 денари.

Целта на донесување на оваа Програма е обезбедување на грижа во чување, следење и унапредување на здравјето на пензионерите, како и заради обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во република Македонија.

**За реализација на оваа Програма Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот** на Република Македонија за 2013 година, **во износ од 37.000.000,00 денари.**

Министерството за здравство ќе испрати информација колкава е просечната пензија до сите јавни и здравствени установи, така што навремена информација ќе имаат и вработените во јавните здравствени установи, но и осигурениците, односно пензионерите.



ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Се што ќе биде потребно од страна на пензионерите, е да го покажат чекот од пензијата, како доказ дека нивната пензија е помала од просечната, за да добијат бесплатно болничко лекување.

**Фондот континуирано работи**, во соработка со сите други надлежни институции, во рамките на своите можности, **да овозможи што поквалитетни здравствени услуги за своите осигуреници**.

Со почит,
ФЗОМ